## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 14.12.2011 година

**Заклучоци и препораки од 19.седница на НСП**
одржана на ден 14.12.2011 година

### 1. Иницијатива на Министерството за правда заради разрешување на проблеми со имплементација на Законот за извршување

Националниот совет за платни системи (во понатамошниот текст: НСП) ја разгледа иницијативата на Министерството за правда за разгледување и изнаоѓање заедничко решение за проблемот кој настанува кај банките како носители на платниот промет, при реализација на налозите за извршување од трансакциска сметка на должник физичко лице по членот 137, а во врска со почитувањето на ограничувањата од членот 105, и двата од Законот за извршување, при што, врз основа на предлозите и видувањата од сите инволвирани субјекти и овластувањата кои ги имаат согласно законските прописи со кои се регулира нивното работење, ги донесе следните заклучоци и препораки:

- Обврската за доследна примена на членот 137 и 105 од Законот за извршување се однесува на извршителите, при што законските одредби не се доволно јасни и усогласени за да им овозможат на извршителите почитување на ограничувањата, како и тоа дека извршителот не секогаш има пристап до ажурни податоци за должникот физичко лице за вработеност, работодавач, висина на плата и сл. .

- Банките, во врска со членот 137 од Законот за извршување, а согласно членот 202 од истиот Закон, единствено имаат обврска да го извршат налогот за извршување на паричниот износ кој треба да биде точно определен од извршителот, без да навлегуваат во утврдување на делот од средствата на трансакциската сметка на должникот физичко лице кој се однесува на платата, при што постапуваат согласно одредбите од Законот за платен промет (со пренос на наложениот износ на средства од сметката на должникот на сметката на извршителот или блокада на истата доколку должникот нема доволно средства). Банките, како носители на платниот промет, не смеат (ниту сега ниту во иднина) да извршуваат платни трансакции, вклучително и налози од извршителите, на износ кој сами би го утврдувале, т.е. без точни инструкции од имателот на сметката или друг субјект кој е за тоа овластен со позитивните законски прописи. Во спротивно се изложени на ризици кои не смеат да ги имаат како депозитни институции, овластени со Законот за банки.

**Народна банка на Република Македонија**
Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.1., 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-282
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3122-109
**www.nbrm.gov.mk**

- За надминување на ваквите состојби и постигнување на законските ограничувањата (членот 105) при реализација на налог за извршување од трансакциска сметка на должник физичко лице, ефикасност на извршната постапка, како и намалување на ризиците во платниот промет, потребна е измена на Законот за извршување.

- Министерството за правда во соработка со Комората на извршителите , да подготви Предлог измена на Законот за извршување, којашто треба да се заснова на законските права и обврски на физичките лица, извршителите и банките како носители на платниот промет и како депозитни институции. Имено, законската обврска на должникот физичко лице за доставување на сите потребни податоци и информации до извршителот за остварување на правото за ограничување при извршување од негова трансакциска сметка кај банка, да се зајакне со правото на извршителот истата да ја блокира доколку не ги добие потребните податоци и информации од должникот физичко лице, при што банката ја спроведува блокадата и го известува извршителот за состојбата на сметките на должникот физичко лице. Доколку по добиеното известување, должникот физичко лице во определен рок се јави кај извршителот и ги достави потребните податоци за спроведување на извршувањето со ограничувањата од членот 105, или се договорат за друго средство за извршување, извршителот до банката носител на платниот промет доставува налог за извршување на точниот ограничен износ и/или ја повлекува блокадата, во спротивно, извршителот спроведува постапка за извршување од сите расположиви средства на сметката на должникот физичко лице, во висина на целокупниот износ за кој е наложено извршувањето. Со ваквата постапка се обезбедува поголема правна сигурност на сите инволвирани страни во извршувањето на налозите од трансакциска сметка на должник физичко лице, односно должникот ќе има можност да ги оствари своите законски права на ограничување при извршување од плата и други основи од членот 105, извршителот ефикасно да го подмири доверителот, а банката да обезбеди ефикасно и сигурно извршување на плаќањето, без притоа да ги загрози правата на своите депоненти.

- Предлог измената на Законот за извршување, Министерството за правда да ја достави до НСП, после што би се разгледала од аспект на нејзината спроведливост од страна на носителите на платен промет на посебен состанок на кој би биле поканети и претставници од подготвувачите на Предлогот и би се доставила до Министерството за правда (во одговор на нивната иницијатива)за натамошно спроведување.

## 2. Разно

Претседателот на НСП ги информираше членовите на НСП за досегашните активности во формулирањето на Стратегијата за развој на платниот систем 2012-2016, при што рокот за разгледување на истата на НСП беше поместен за првиот квартал на 2012 година, со оглед дека и првата Стратегија е усвоена во мај 2011 година.

Во врска со Иницијативата на КАСИС за унапредување на работењето со платежните картички, беше донесен заклучок истата да се достави до работната група за платежни картички за мислење по истата.

Во однос на активностите на работната група за директно задолжување беше донесен заклучок, координаторот на работната група да ги достави Предлог правилата за директно задолжување до работната група за правна подршка и до работната група за поддршка на операции, инфраструктура и стандарди, замислење за правната и практичната имплементација на инструментот за директно задолжување.

Емилија Нацевска,с.р.
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи
Советник координатор на гувернерот